***Автори****: Александар Кржаловски*
***Дата****: Август 2013*
***ISBN****: 978-608-4681-13-7*
***PDF****:* doverba-vo-lugjeto-i-vo-instituciite-2013.pdf



Довербата е клучна компонента на социјалниот капитал. Во досегашните истражувања, а и во ова, МЦМС разгледуваше три аспекти: општата доверба во луѓето (што вклучува доверба во сличните на себе, како соседи, колеги, земјаци, но исто така и во непознати лица), довербата во институциите (формални институции на владеење во општеството) и довербата во граѓанското општество.

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата „Довербата во институциите и во граѓанското општество во Република Македонија“, кои се однесуваат на општата довербата и довербата во институциите, а која беше спроведена по петти пат на национален репрезентативен примерок на граѓаните на Република Македонија. Целта на истражувањето беше да се испита довербата на граѓаните во институциите и во граѓанското општество.Извештајот „ Довербата во граѓанското општество – 2013 “ е објавен претходно.

МЦМС му ја довери анкетата на јавното мислење, врз којашто се базира овој извештај, на М-проспект, чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата.